РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1845/1
28-04-2026 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница, одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2843/1 од 31.10.2025 година со наводи за сомневање за незаконитости во постапување на службеното лице ------------ ---------- амбасадор на РСМ во -- --------- ---------- и други вработени лица во амбасадата на РСМ во ----------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, пријавените дејствија се во надлежност на друг орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-2843/1 од 31.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 31.10.2025 година, поднесена е пријава, , со наводи за сомневање за коруптивни дејствија (трговија на луѓе и издавање на визи за пари) преземени од службеното лице ------------ --------- амбасадор на РСМ и други вработени лица, возач, во амбасадата на РСМ во -- -------, --------, по која е оформен предмет број 12-2843/1 од 31.10.2025 година

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на наводите содржани во пријавата, ДКСК утврди дека пријавените дејствија не се во надлежност на ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за пријавените наводи надлежен е да постапува друг орган, доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал; Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до
–Подносителот на пријавата